РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL QENDRA KONZERVATORE-SHKUP
Бр.-Nr. 02-913/2
12.11. 2021 год./viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 10, 30, 48 и 49 од Законот за административни службеници (Сл.весник на РМ. 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18), а во врска со Правилникот за формата, и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен огласот (Сл.весник на РМ 11/2015, 35/2018, 303/2020), Правилникот бр.01-564/1 од 27.08.2020 година за систематизација на работните места во НУ Конзерваторски центар-Скопје, Годишниот план за вработување за 2021 година (измена и дополнување) на НУ Конзерваторски центар - Скопје, бр.01-70/1 од 18.01.2021 година, за кое што се обезбедени финансиски средства, со Согласноста бр.18-8406/2 од 11.12.2020 година на Министерството за финансии, која што се прогласува за важечка во делот кој што не е реализиран и во тековната фискална година (2021) со Известувањето бр.18-881/2 од 09.02.2021 година на Министерството за финансии, директорот на установата го распишува следниот

**ИНТЕРЕН ОГЛАС 01/2021**

I. Националната установа Конзерваторски центар-Скопје има потреба од пополнување на слободно работно место по пат на објавување на интерен оглас, и тоа:

1. **Раководител на одделение за општи, правни и административни работи (КУЛ 01 02 Б04 001)- 1 извршител**

Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат следните општи услови:

- Да е државјанин на Република Северна Македонија
- Активно да го користи македонскиот јазик
- Да е полнолетен
- Да има општа здравствена способност за работното место и
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност

Посебни услови предвидени за работното место утврдени со Законот за административни службеници и актот за систематизација на НУ Конзерваторски центар-Скопје:

- Ниво на квалификациите VIA според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, правни науки
- Најмалку четири години во струката, од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор
- Потврда за положен испит за административно управување
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- Познавање на еден од најчесто користените јазици на Европката унија (англиски, француски, германски)

II. На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во институцијата, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во овој закон и во актот за систематизација, како и:

- Да е оценет со оцена ,,А“ или ,,Б“ при последното оценување
- Да е на работно место кое согласно актот за систематизација е на непосредно пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас
- Да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас

III. Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) дена, сметано од денот на објавување на огласот (не сметајќи го денот на самото објавување).

IV. Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови можат да ги приложат и следните докази:
-потврди/сертификати за успешно реализирани обуки/менторства во последните пет години

V. Дневно работно време: од 8.30 до 16.30 часот

VI. Работни денови: од понеделник до петок

VII. Неделно работно време: 40 (четириесет) часа

VIII. Основната нето плата изнесува: 31.626,00 денари

IX. Заинтересираните административни службеници поднесуваат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје, на адреса ул.Макарие Фрчковски бр.8, Скопје, како и до службената електронска адреса kcentarsk@yahoo.com, со назнака ,,За интерен оглас 01/2021“ во рок од 5 (пет) дена од денот на објавување на интерниот оглас.

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава нема да биде предмет на разгледување.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

НУ Конзерваторски центар-Скопје

Директор
Коле Чапкановски